25389

11694

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник, 14 август 1979 год. ● стр. 7

ДЕВЕТ ГОДИНИ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНОТО СТУДИО ЗА ПЛАСТИКА ВО ДРВО ВО ПРИЛЕП

# КОЕГЗИСТЕНЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО И УМЕТНОСТА

**НЕ Е МОЖЕБИ ПРВ,** но затоа пак е редок случај големи работни организации, како што е тоа ДИК „Црн бор", да стапат во непосреден контакт со уметноста и уметниците. Приказната за вработените во прилепскиот комбинат и скулпторите — уметници од речиси целиот свет, е приказна за една несекојдневна коегзистенција, во која и производството и уметноста се надополнуваат како да израснале од една иста потреба и за една иста цел.

И најдобриот мајстор во ДИК „Црн бор", кој му ги познава и душата и срцето на дрвото, знае дека тоа, како материјал, со племенитите својства може да се користи и за други намени, по точно како средство со кое човекот го осознава светот и ја потврдува својата егзистенција.

Ликовните критичари веќе го кажаа своето: овде, во случајот на ДИК „Црн бор", станува збор за два вида творештво — индустриско и уметничко, а искуството на едното е од огромна важност за другото, бидејќи во современиот свет, границите меѓу уметноста и индустрија сè повеќе ги нема.

Колку ДИК „Црн бор" им посветува и внимание и љубов на скулпторите, — гости на Студиото, зборуваат овие редови извлечени од записот на Лазар Трифуновиќ:

— Просто восхитува вниманието со кое „Црн бор" им се обраќа на скулпорите од целиот свет додека се тие во Прилеп, вели Трифуновиќ. Гостопримството почнува со најубаво добредојде преку средбата со алатот и разновидното племенито дрво, па продолжува со желбата гостите да бидат запознати со традицијата и современата култура на Македонија... Така, уметноста и работата на најубав начин се дополнуваат една со друга, и придонесуваат за сестрано и широко меѓусебно запознавање на луѓето од различните делови на светот.

**ИНТЕРНАЦИОНАЛНОТО** студио за пластика во дрво, работи веќе девет години, по два месеца во летото .ДИК „Црн бор" ги обезбедува средства за работа, ги подмирува трошоците на престојот и дава одреден хонорар, а скулпторот е должен на градот да му остави едно свое дело.

Досега во работата на Студиото учествувале скулптори од Австрија, Англија, Јапонија, СССР, Полска, САД, Франција, Унгарија, Чехословачка, Шведска, Италија, Румунија, Норвешка и преку дваесет истакнати југословенски скулптори.

Сите овие „незаборавни гости" на Прилеп, на „Црн бор", во изминативе девет години на Студиото, му оставија богата збирка од прекрасни уметнички дела.

Посматрајќи го она што е оставено, намерникот ќе забележи: ниту еден скулптор што дошол во Прилеп, престојот во градот на тутунот не го примил рутински, туку напротив, многу одговорно за на најубав начин да се претстави себе си и својата уметност.

Маргарита Вознесенскаја од СССР, ја остави „Жената пред пород", а Аке Јонсон „Сеќавање на родителите". Прекрасна скулптура реализира и Дејвид Неш од Англија. Меѓутоа несмалено внимание заслужува и трудот на југословенските мајстори на длетото. Тука се делата на Драгица Чадеж и Тоне Лапајне, Петар Хаџи — Бошков, Драган Поповски — Дада, Ратко Вулановиќ, Ана Виган и други.

**КОЛЕКЦИЈАТА** вредни скулптури во Прилеп секоја година е побогата за четири или пет нови дела, во зависност од тоа колку скулптори се поканети да учествуваат во работата на Студиото. Така, „Црн бор" и Народниот музеј како организатори на „Прилепското уметничко лето", во чији рамки се одвива и Студиото, на најубав начин ја интегрираа уметноста и индустријата.

(К. Г.)